

IN MEMORIAM

## ЖИВКО СТОЈКОВСКИ

На 7 јуни 1979 година прераната смрт го оттргна од нашите редови колегата Живко Стојковски, професор по историја, еден од првите квалификувани историчари — наставници по ослободувањето, во слободна Социјалистичка Република Македонија.

Веста дека починал одекна болно и сочувствено меѓу бројните негови познајници како од постарите така и од помладите генерации на македонските историчари, а и други просветни работници, зашто неговата оптимистичка, непосредна, искрена и весела нарав, неговиот природен шарм со што беше надарен, му спечали широк круг на пријатели и другари.

Биографијата на покојниот Живко Стојковски е своевиден израз на времето низ кое тој го помина својот чесен и достоен за него, неговото семејство, неговото Кавадарци, за нас — неговите колеги — животен пат. На својот роден крај, на нашата заедница тој ѝ даде сè што можеше — искрено, несебично и со нему својствениот ентузијазам, пожртвувано —од млади години со својата прогресивна идејно-политичка ориентација како ученик на гимназијата во Пеќ, од стапувањето во редовите на Народноослободителната војска во 1944 година и како упорен цврст и непоколеблив нејзин трудбеник во изградбата на самоуправните социјалистички општествени односи во подрачјето на образованието, воспитувањето и културата воопшто.

Другарот Живко Стојковски е роден на 18 мај 1921 година во с. Ваташа, Кавадарско, во бедно семејство.

Своето рано детство го поминува во родното место и во Неготино.

Основно училиште посетува во с. Ваташа, Струмица и го завршува во Неготино. Гимназијално образование завршува во Пеќ во 1941 година. Како ученик бил солиден, со поведение што служело за пример на врсниците и помладите. Како гимназијалец се движел во кругот на левоориентираните револуционерни младинци, кои со своето учество ѝ дадоа посебен придонес и печат на нашата југословенска социјалистичка револуција.

Априлската војна другарот Живко го затечува во Пеќ. По капитулацијата на Кралството Југославија, тој се враќа во својот роден крај, во Кавадарци.

Солидарен со своите сокласници — посебно со младите Скоевци од Гимназијата во Пеќ, од кои повеќемина од Црна Гора — Живко беше полн со животни спомени за нив. Со тие преживеани школски другари често се среќаваше по ослободувањето и ги споделуваше радостите и сеќавањата за изминатите бурни ученички денови пред војната во Пеќ, за предвесничките борби — за судирите со тогашната школска власт — и кои сè повеќе примаа политички белег.

Во Народноослободителната војна Живко учествува од 1944 година, главно во единиците за врска, како радиотелеграфист. По завршувањето на борбите со окупаторот во Македонија, тој заминува во составот на XV-от корпус на Сремскиот фронт, каде што учествува во борбите за конечно ослободување на нашата земја.

А какви незаборавни животни радости Живко почувствувал и бил импресиониран со неизбришани спомени што ги носел сиот свој живот, како искрен патриот — зборуваат неговите доживувања од деновите на долгоочекуваната слобода и кои ги споделил заедно со својата многу сакана мајка — класичниот симбол на безграничната љубов кон својата рожба. Имено, кога при враќањето од Сремскиот фронт, при победоносното чекорење на неговата единица по скопските улици, од многубројните насобрани граѓани од шпалирот, го здогледала неговата мајка — вдовица, и со солзи радосници, невоздржувајќи се, ниту признавајќи ги војничките правила, го извикала гласно неговото име: „Живко, синко!“ се втурнала во војничкиот строј, кон синот си, го обгрнала и во прегратка на својот син — единец и ослободител, — и заедно со него марширала во војничкиот строј... А Живко уште поцврсто ја држел мајка си кон себе зашто разбрал дека мајка му, иако веќе жена во години, штом разбрала дека единиците се враќаат од Сремскиот фронт, заради скудноста во тогашните сообраќајни средства го препешачила патот од Кавадарци до Скопје за да го пречека! Имено, нетрпеливото мајчинско срце и безмерната мајчинска љубов ги надвладееле постојните пречки за што побргу да го пречека и да го види својот сакан син, и за да ја искаже со уште еден пример, и на таков начин да ја сподели и доживее многукратната радост на синот со својата мајка и обратно — мајката со својот син — нивното среќавање во ослободената земја!

Тоа Живко со гордост често го раскажуваше на својата најблиска средина. Подвигот на неговата мајка му оставила длабоки траги и незаборавен впечаток низ целиот негов живот. Но и тој, како добар син, не ја остави мајка си сама до крајот на нејзиниот живот.

По ослободувањето, поради големата потреба од наставнички кадар, веднаш по демобилизацијата од Југословенската армија, во 1945 година, другарот Живко се запишува како редовен студент на Курсот за предавачи во долните класови на гимназиите на Групата за историја и географија во Скопје, што го организира Министерството за просвета на Народна Република Македонија — подоцна рангиран со завршена виша педагошка школа. По дипломирањето, кон крајот на 1946 година, во учебната 1946/47 година, веќе е вработен како наставник по историја

во Полната гимназија во Битола. Таму работи сè до 1948 година, кога е преместен за наставник во Полната гимназија во Кавадарци.

Во значаен дел од активноста како просветен работник — како педагог на другарот Живко, иако краткотрајно, е неговото заминување и работа со другите одбрани наставници од Народна Република Македонија — за работа во Пиринска Македонија (НР Бугарија), каде што во Гимназијата во Петрич, на младите ученици — Македонци им држел први часови (лекции) по историја на македонскиот народ и по македонски јазик.

Од познати причини, особено по Резолуцијата на Информбирото, по самоволното укинување на културната автономија на Македонците во Пиринска Македонија од бугарската влада и тамошното политичко раководство, Живко се враќа во својот град, есента 1948 година. Таму во Гимназијата работи на изведувањето на наставата по историја, својата тесна специјалност.

Во овој период, како вонреден студент, дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје, на Групата за историја.

По дипломирањето на Филозофскиот факултет, другарот Живко Стојковски, поттикнат од сакањето за свое натамошно стручно издигнување и усовршување се вработува во Институтот за национална историја во Скопје, во 1957 година. За неговото кратковременско службување во оваа научна институција, покажал особен работен ентузијазам.

Тогаш придонел во значителна мера Институтот особено да ја збогати својата библиографска регистрација за минатото на македонскиот народ и за македонистиката воопшто.

Меѓутоа, по 6 месечна работа во Институтот за национална историја, од лични и семејни причини се враќа на работа во Гимназијата во Кавадарци. Во неа како професор по историја и директор останува до 1968 година, кога како педагошки советник по историја, преминува на работа во регионалниот Завод за унапредување на школството за општините Титов Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија.

Како педагошки советник по историја на оваа установа, Живко Стојковски го дал својот посебен придонес во методско-педагошкото инструирање и усовршување на младиот наставен кадар по историја во означеното подрачје — пренесувајќи им го несебично на своите помлади колеги своето долгогодишно наставничко искуство. Бил редовен член и учесник во работата на Активот на просветните советници по историја на регионалните заводи и Републичкиот завод за унапредување на школството во Републиката. При тоа делувал како искусен и верзиран негов член при третманот и решавањето на општите тековни проблеми на наставата по историја во Републиката, во основните училишта и во училиштата за насочено образование.

По своето успешно службување во споменатиот завод од 1973 година, Живко Стојковски е на работа на формирањето на Просветниот центар во Дрвниот комбинат „Треска“ во Кавадарци и работи т.е. подготвува терен за формирање Музеј и уметничка галерија во Кавадарци. И

откако во 1975 година е основана во Кавадарци оваа — прва од ваков вид институција — тој станува нејзин прв директор, на која должност останува до својата прерана смрт.

Живко Стојковски соработувал и со Архивот на Македонија, на изнаоѓање, прибирање, регистрирање, чување и обработување на архивската задужбина на својот роден крај. Пројавувал при тоа лично интересирање за собирање материјал и обработка на одредени истакнати личности на националноослободителното минато и борбите од Илинденскиот и постилинденскиот период во Кавадарскиот крај. Бил готов при тоа сам да излезе во пресрет во собирање документација од историјата на школството, просветата во Кавадарци и околината. Музејот во Титов Велес исто така добивал драгоцена и несебична помош од Стојковски. И покрај заминувањето од Институтот за национална историја, Стојковски не еднаш пројавувал готовност и се осведочил како негов натамошен соработник.

Покојниот Живко Стојковски, беше познат ширум бројното членство на Сојузот на друштвата на историчарите на Социјалистичка Република Македонија, како негов активен член. Уште од неговото основање сè до својата смрт, не само што ангажирано учествувал во реализацијата на поставените задачи, особено во учествувањето во работата и организацијата на бројните семинари, годишните собранија било од републички или сојузен карактер, туку пројавувал живо интересирање, самоиницијативност, во дејноста на нашата стручна организација. Посебно се интересираше за функционирањето и проблемите на редакцијата на списанието „Историја" — органот на Сојузот. При тоа работел неуморно на пласманот и ширењето бројот на претплатниците на „Историја" во Кавадарци и околината, како и во Титоввелешко, Неготинско и Гевгелиско.

Живко беше меѓу нас познат како личност полна со животна енергија, аниматор или експонент на многу прашања или задачи кои стоеја за решавање пред Здружението. На својот соговорник тој отворено му ги изнесуваше своите преокупации, проблеми со кои се судрувал и за начините како ги решавал, било како наставник од практиката, директор на гимназија или како просветен советник по историја.

За професионалното стручно здружение на македонските историчари, за нашата пошироката просветна јавност, која исто така го познаваше другарот Живко и на која истиот ѝ беше мошне близок и познат, за кавадарската општествена средина, загубата на овој редок трудбеник, ентусијаст и искрен и чесен патриот, драг колега и другар ни паѓа мошне тешко. Тој ќе остави кај нас долги сеќавања и неизбришани траги со неговата трудољубивост, со несебичното и искреното другарство — но и скромноста која ја красеше неговата личност.

Нека му е вечна благодарност и слава!

Војо КУШЕВСКИ